ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

за набавка на дизел гориво Еуродизел БС (Д-Е V) за потребите на рудниците Бучим и Боров Дол, Радовиш

## 1. Опис на услугата

За потребите на тековното производство на рудниците Бучим и Боров Дол, се објавува повик за прибирање понуди и документација со цел избор на најповолен добавувач за испорака на следниот материјал:

| | |
|---|---|
| Опис на материјалот кој се набавува: | Еуродизел БС (Д-Е V) |
| Квалитет: | Во прилог табела со гранични вредности од Правилник за квалитет на течни горива |
| Период на испорака: | 1 март 2024 – 1 март 2025 година |
| Паритет на испорака: | Постројка бензинска пумпа Боров Дол и постројка бензинска пумпа Бучим |
| Количина, за период на важење на договорот: | 5 250 000 литри |
| Делумни испораки: | Месечно до 437 000 л |

Во прилог табела со дел од Граничните вредности за квалитетот на течни горива согласност со важечкиот Правилник за квалитет на течни горива (Службен весник на РСМ 88/2007;91/2007;97/2007;105/2007;157/2008;78/2008;156;2008;81/2009, останатите не опфатени под точки кои не се во прилогот се строго утврдени по важечкиот Правилник за квалитет на течни горива кој е во сила во РСМ.

| Карактеристика | Метод | Единици | Гранични вредности |
|---|---|---|---|
| Густина на 15°C | EN ISO 12185 | kg/m³ | min.820.0<br>max. 845.0 |
| Точка на палење | EN ISO 2719 | °C | min. 55 |
| Содржина на сулфур | EN ISO 20846 | mg/kg | max. 10.0 |
| Кинематичка вискозност на 40°C | EN ISO 3104:2020 | mm²/s | min. 2.000<br>max 4.500 |
| Цетански индекс, пресметковно | EN ISO 4264:2018 | / | min. 46 |
| Цетански број | Correlated with EN ISO 5165 | / | min. 51 |
| Содржина на кокс - Conradson | ASTM D189 | %(m/m) | max. 0.3 |
| Корозија на бакар (50°C, 3h): | EN ISO 2160:2009 | оценка | класа 1 |
| Содржина на вода по KF | EN ISO 12937 | %(m/m) | max.200 |
| Содржина на пепел | EN ISO 6245:2008 | %(m/m) | max. 0.010 |
| Температура на заматување | ASTM D5771 | °C | |
| Филтрабилност | EN 116 | °C | max. -15<br>зимски период |
| Вкупно контаминенти | EN 12662 | mg/kg | max.24 |
| Оксидациона стабилност | EN ISO 12205 | g/ m³ | max.25 |
| Подмачкувачки својства | EN ISO 12156-1 | µm | max.460 |
| Содржина на ФАМЕ | Correlated with EN 14078 | % v/v | max.7.0 |

| Карактеристика | Метод | Единици | Гранични вредности |
|---|---|---|---|
| Дестилација | EN ISO 3405 | | |
| до 250 °C Предестилирана на | | % v/v | max.<65 |
| до 350 °C Предестилирана на | | % v/v | min.85 |
| 95 % % v/v Предестилирана на | | °C | max.360 |

## 2. Постапка за избор

Постапката за избор на најповолен добавувач се спроведува во две етапи:

- Квалификација на подобност на добавувач;
- Избор на најповолна финансиска понуда

Сите документи се доставуваат само по електронски пат на електронска адреса tender@borovdol.mk . Документација, пратена на друга електронска адреса или доставена во хартиена форма нема да се разгледува и ќе се смета за неуредно доставена документација, што води кон дисквалификација на понудувачот.

### 2.1. Квалификација на подобност на добавувач

Секое заинтересирано лице кое сака да учествува во изборот на најповолен добавувач треба да ги исполнува следните услови:

- Да биде регистрирано во централниот регистар на трговски друштва;
- Да поседува лиценца за снабдување на нафта и нафтени деривати издадена од страна на Регулаторна комисија за енергетика со важност до крајот на исполнувањето на договорот;
- Да немаат одземена лиценца од страна на Регулаторна комисија за енергетика поради неисполнување на услови и прекршоци;
- Да немаат забрана за вршење на дејност;
- Да има сопствени средства за транспорт на нафта и нафтени деривати или да има склучен договор за транспорт со правно лице кое поседува соодветни лиценци за ваков вид на транспорт;
- Сите превозни средства за транспорт на нафта и нафтени деривати треба да:
    - се во исправна состојба и да имаат поминато технички преглед;
    - поседуваат сертификати од овластена институција за извршено испитување и баждарење на системот за мерење на количината на гориво кое се превезува и што се доставува до местото на прием.
- Да не е капитално управувачки и роднински поврзан со некои од раководниот органи или во вработени во правните лица ДПТУ Боров Дол ДООЕЛ Радовиш и ДПТУ Бучим ДООЕЛ Радовиш;

Друштвата кои ги исполнуваат горенаведените критериуми поднесуваат финансиска понуда.

### 2.2. Финансиска понуда

Финансиската понуда содржи:

- Цена за литар/тон дизел гориво донесено до место на испорака;
- Дисконт и начин на пресметка;
- Начин на плаќање.

## 3. Потребни документи и рокови за доставување

Документи кои се доставуваат во постапка на квалификација на подобност на добавувачот:

- Тековна состојба не постара од 3 месеци издадена од страна на ЦРМ;
- Тековна состојба за вистински сопственици издадена од ЦРМ;
- Лиценца за снабдување на нафта и нафтени деривати издадена од страна на Регулаторна комисија за енергетика;
- Потврда од ЦРМ за отворена стечајна/ликвидациона постапка;
- Потврда од ЦРМ дека не е изречена забрана за вршење дејност;
- Заверен список на основни средства за превоз на нафтени деривати или склучен договор за превоз на нафтени деривати со подизведувач;
- Лиценца за превоз на нафтени деривати издадена од Регулаторна комисија за енергетика издадена на добавувачот или неговиот подизведувач;
- Сертификат за квалитет на горивото издадено од производителот и од независна лабораторија.

**Рок на доставување на документација:** 13.02.2024

Документите кои се доставуваат во постапка на избор на финансиска понуда:

- Финансиска понуда на меморандум на понудувачот, потпишана од страна на овластено лице на добавувачот.

**Рок на доставување финансиска понуда:** 15.02.2024

## 4. Начин на доставување на документи

Сите документи се доставуваат во електронска форма.
Документите издадени до ЦРМ треба да се електронски потпишани од страна на издавачот.

е-адреса за доставување на понуда и документација: tender@borovdol.mk
Предмет(Subject) на пораката: NOR-001

По завршување на изборот за најповолен понудувач сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици.

05.02.2024г.,
Радовиш

ДПТУ “Боров Дол” ДООЕЛ
ДПТУ “Бучим” ДООЕЛ